Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ........ 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОЛЕ ФАРМАЦИЈА, СПЕЦИЈАЛИСТ ОД ОБЛАСТА ИСПИТУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЛЕКОВИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-53/12, донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот објавен на 4 април 2011 год. за избор на ***асистент*** за научното поле ***фармација***, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

1. проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, вонреден професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
2. доц. д-р Бистра Ангеловска, доцент на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
3. проф. д-р Емилија Јаневиќ - Ивановска, вонреден на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип  му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 4 април 2011 год., за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (1 извршител) се пријави кандидатката Марија Дарковска-Серафимовска**,** специјалист по испитување и контрола на лекови.

Во прилог на пријавата, кандидатката ги достави и потребните документи за кандидатура за избор:

– пријава;
– диплома за завршено високо образование на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје (три копии заверени кај нотар);
– уверение за положен специјалистички испит по специјалноста испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје (две копии заверени кај нотар);
– уверение од Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград за запишани докторски академски студии, изборен модул Фармакологија;
– кратка биографија (во четири примероци);
– уверение за познавање англиски јазик, издадено од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје;
– список на објавени научни и стручни трудови со еден примерок од еден труд во оригинал;
– уверение за државјанство со кое се докажува дека е државјанин на Република Македонија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Марија Дарковска-Серафимовска** е родена на 9 февруари 1975 година во Скопје. Дипломските студии по фармација ги завршува на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во периодот од 1993 до1998 година.

Во 2002 година кандидатката започнува специјалистички студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, а на 31 октомври 2005 год. пред испитната комисија на Фармацевтскиот факултет полагала специјалистички испит по специјалноста испитување и контрола на лекови и се стекнува со звање специјалист по испитување и контрола на лекови.

Во учебната 2010/2011 год. Марија Дарковска-Серафимовска е студент на втората година на докторски академски студии, изборен модул Фармакологија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград.

Од останатите квалификации има уверение дека го познава говорниот англиски јазик и одлично се служи со стручна литература.

***Професионална активност***

На 1 март 1999 год. се вработува во АД „ЈАКА 80” – Радовиш, Р. Македонија, во Одделението за контрола на квалитет.

Во периодот од 1999 до 2001 год. работи како аналитичар во Одделението за контрола на квалитет на работи и работни задачи поврзани со контрола на квалитет на суровини (испитување на физички и хемиски параметри на активни супстанции и ексципиенси) и дефинирање на спецификација и подготовка на сертификати за суровини.

Во периодот од 2001 до 2002 год. работи како аналитичар во Одделението за контрола на квалитет - контрола на полупроизвод и готов производ на работи и работни задачи поврзани со контрола на квалитет (физичко/хемиски параметри) на полупроизвод и готов производ, контрола на примарно и секундарно пакување на готов производ, како и дефинирање на спецификација и подготовка на сертификати за квалитет на полупроизвод и готов производ.

Во периодот од 2002 до 2003 год. работи како аналитичар во Одделението за контрола на квалитет - испитување на стабилност на работи и работни задачи поврзани со планирање и следење на стабилност на готов производ и нови производи во тек на развој, планирање и изработка на студии за стабилност под нормални (25°C/60%RH) и забрзани (30°C/60%RH, 40°C/75%RH) услови на стареење на препаратите, интерпретација на резултатите од студијата за стабилност, одредување на рок на траење на препарат, подготовка на извештај од студијата за стабилност и регистрациска документација во согласност со прописите на ICH регулативите и развој на нови методи за одредување на сродни супстанции како нечистотии во готов производ (HPLC, TLC).

Во периодот од 2003 до 2005 год. Марија Дарковска-Серафимовска работи како раководител на Секторот за аналитички развој, имплементација и валидација на методи за контрола на квалитет на нови производи на работи и работни задачи поврзани со развој и валидација на аналитички методи, согласно со европската, британската и американската фармакопеја и ICH регулативите, планирање на активностите во контролната лабораторија, координација помеѓу сите сектори во контролната лабораторија и подготовка на СОП-ови (Стандардни оперативни процедури).

Од 1 декември 2005 год. работи како директор на Лабораторијата за контрола на квалитет.

Од 13 јули 2006 год. кандидатката е ангажирана со договор на дело во СРБОЛЕК а.д. – Белград (Р. Србија) како директор на Контролната лабораторија и одговорно лице за пуштање на серија лек во промет врз основа на потпишан договор за соработка меѓу ЈАКА и СРБОЛЕК.

***Научна и стручна активност***

Список на трудови кој се состои од еден труд презентиран на II меѓународен конгрес одржан на Јахорина (9-11 март 2011 год.), „Инженерство, екологија и материјали во процесна индустрија“ и организиран од Технолошкиот факултет во Зворник при Универзитет во Источно Сараево, Босна и Херцеговина. Трудот е објавен во книгата на трудови:

Pavlovska Gorica, Darkovska-Serafimovska Marija, Nestorovska-Gjosevska Biljana, Comparative examination of the speed of release of pyridoxine HCl of Vitamin $B_6$ tablets á 20 mg, 2$^{nd}$ International congress “Engineering, ecology and materials in the processing industry”, Jahorina, march 09$^{th}$ to 11$^{th}$, 2011, I-34 (336-373).

Трудот презентира резултати од испитувањата на брзината на ослободување на пиридоксин хлорид на примероци при трансфер на постоечка технолошка постапка за производство на витамин $B_6$ таблети á 20 mg од една на друга производна локација. Испитувањата се правени во три различни медиуми, а добиените резултати се обработени со стандардни статистички методи.

Како што е наведено во нејзината кратка биографија, кандидатката учествува на повеќе курсеви, конгреси и симпозиуми:

| | |
|---|---|
| 27 – 29 јуни 2005 год. | Курс - CGMP AUDITING-STRATEGIES FOR COMPLIANCE & DOCUMENTATION MANAGEMENT AND CONTROL, USA |
| 3 – 5 февруари 2006 год. | Курс - CGMP FOR PHARMACEUTICAL QUALITY CONTROL LABORATORY PERSONNEL, USA |
| 7 - 8 февруари 2006 год. | Курс - VALIDATION & CERTIFICATION OF THE PHARMACEUTICAL QC LABORATORY, USA |
| 25 – 27 октомври 2006 год. | Симпозиум – Тестирање на стабилност на фармацевтски производи, Вршац |
| 28 ноември – 2 декември 2006 год. | 4$^{ти}$ Конгрес на фармацевти во Србија, со меѓународно учество, одржан во Белград |
| 3 – 5 октомври 2007 год. | EN ISO/IEC **17025** основен тренинг курс (EFQM), GCS Бугарија, одржан во Скопје, Македонија |
| 26 – 30 септември 2007 год. | 4$^{ти}$ Конгрес на фармацевти во Македонија, со меѓународно учество, одржан во Охрид |
| 29 јануари 2008 год. | MERCK Тренинг курс за HPLC |
| 10 -13 ноември 2008 год. | Тренинг курс за добра производна пракса (GMP) |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Марија Дарковска-Серафимовска, специјалист по испитување и контрола на лекови ги задоволува критериумите за избор во асистент за научното поле *фармација*, специјалист од областа испитување и контрола на лекови, наведени во Конкурсот, односно има завршено специјализација од областа на фармација за која се врши изборот.

Од целокупната активност Марија Дарковска-Серафимовска, специјалист по испитување и контрола на лекови, произлегува заклучокот дека се работи за личност која има повеќегодишно практично искуство и постигнати резултати во работата во фармацевтската индустрија, во областа испитување и контрола на лекови, управување со квалитет и стабилност на лекови.

Како аналитичар и раководител на Одделението за контрола на квалитет, учествува и се стекнува со практични вештини и знаења во контрола на квалитетот на фармацевтски суровини, полупроизводи и готови производи, контрола на примарно и секундарно пакување на готови производи, како и планирање и следење на стабилност на готови производи и новите производи во тек на развој, трансфер на технологии и нови технолошки решенија.

Од аспект на фармацевтски аналитички развој, Марија Дарковска-Серафимовска, специјалист по испитување и контрола на лекови, има искуство во имплементација и валидацијата на методи за контрола на квалитет согласно со европските и светските фармакопеи, регулативи и стандарди.

Поради сè што досега беше кажано, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере Марија Дарковска-Серафимовска во звање *асистент* за научно поле *фармација*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Бистра Ангеловска, член, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Јаневиќ - Ивановска, член, с.р.**

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на Марија Дарковска-Серафимовска, специјалист по испитување и контрола на лекови**

| Ред. број | Научноистражувачка дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одбранет специјалистички испит** | 1 | 4 | 4 |
| 2 | **Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на научен собир (во странство):** Pavlovska Gorica, Darkovska-Serafimovska Marija, Nestorovska-Gjosevska Biljana, Comparative examination of the speed of release of pyridoxine HCl of Vitamin $B_6$ tablets á 20 mg, 2nd International congress "Engineering, ecology and materials in the processing industry", Jahorina, march 09th to 11th, 2011, I-34 (336-373) | 1 | 2 | 2 |
| 3. | **Учество на научен собир со реферат – усно предавање во странство:** Pavlovska Gorica, Darkovska-Serafimovska Marija, Nestorovska-Gjosevska Biljana, Comparative examination of the speed of release of pyridoxine HCl of Vitamin $B_6$ tablets á 20 mg, 2nd International congress | 1 | 2 | 2 |
| 4 | Учество на научен собир во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| 5 | Учество на научен собир во странство | 8 | 2 | 16 |
| | **Вкупно:** | | | 25 |